Бр./Nr 12-2046/2
01-02-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-тата седница одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот со број 12-2046/1 од 27.05.2020 година, оформен по сопствена иницијатива на ДКСК, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека во врска со случајот постапил Државниот завод за ревизија.

Предметот со број 12-2046/1 од 27.05.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-2046/1 од 27.05.2020 година е оформен врз основа на Заклучок на ДКСК од 27.05.2020 година за оформување на предмет во врска со наводи изнесени во јавноста и во медиумите, поврзани со пакетите на мерки на Владата на Република Северна Македонија за справување со кризата предизвикана состојбата на пандемија од Ковид-19, вклучително и наводите поврзани со мерката со која се предвидува доделување финансиска помош на правните субјекти од приватниот сектор во периодот на траењето на вонредната состојба на територијата на Република Северна Македонија, чие постоење е утврдено заради заштита и справување со последиците од ширењето на вирусот Ковид-19.

Со цел утврдување на фактичката состојба, беше извршена анализа на релевантна законска регулатива и беше изврешен увид во јавно достапни податоци и информации.

Од анализата и увидот во податоците и информациите произлегува дека од страна на Државниот завод за ревизија била извршена ревизија на успешност на тема „Преземени мерки и политики за поддршка на вработувањето и професиите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од Ковид-19", за да се одговори на прашањето „Дали мерките за финансиска поддршка на вработувањето и професиите погодени од здравствено-економската криза од Ковид-19 се ефикасно креирани, реализирани, контролирани, мониторирани и дали е обезбедено соодветно известување за ефектите од преземените мерки".

Констатациите на Државниот завод за ревизија и утврдената состојба при извршената ревизија се содржани во Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност, издаден во мај 2022 година. Видно од содржината на Конечниот извештај, ревизорските активности биле насочени кон следните области: правна рамка и креирање на мерки и политики за поддршка на вработувањето и професиите погодени од

здравствено-економската криза предизвикана од Ковид-19; постапки на доделување и реализација на мерките за финансиската поддршка на вработувањето и професиите погодени од здравственоекономската криза; контролни механизми, мониторинг и проценка на постигнатите резултати.

За справување со последиците од кризата предизвикана од вирусот Ковид-19, Владата на РСМ во периодот од 19.03.2020 до 20.04.2021 година има донесено шест пакети на економски мерки.

Во однос на правната рамка и креирањето на мерки и политики за поддршка на вработувањето и професиите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од Ковид-19, во извештајот е констатирано дека носењето на владините мерки за справување со пандемијата од Ковид-19 на годишно ниво е спроведено во услови на отсуство на среднорочно и долгорочно стратешко планирање на државно ниво, со утврдени цели, мерки и активности на надлежни институции за постапување и справување со последиците во услови на пандемија. Воедно, при ревизијата било утврдено и дека во процесот на носење на поединечните мерки отсуствaат пишани анализи за начинот на одлучување, утврдување на корисниците и висината на поддршка, дефинирање на условите и критериумите за доделување на финансиската поддршка на корисниците за мерките опфатени со ревизијата. Во извештајот на Државниот завод за ревизија е нотирано дека недореченостите во уредбите за време на вонредна состојба и законската регулатива за финансиска поддршка создаваат ризик од исплата на средства без обезбедени докази за целосно исполнување на условите за доделување на поддршката, следење на повратот на финансиските средства и нееднаков пристап кон работодавачите во случај на сторени прекршоци во различен временски период.

Со ревизијата на постапките за доделување на поддршка кај мерките за субвенционирање на придонесите, финансиска поддршка на работодавачите за исплата на плати, вклучувајќи ја и поддршката на физичките лица кои вршат самостојна дејност било утврдено дека исполнетоста на условот намалување на приходите над 30% за месеците за кои барателот аплицира за доделување на поддршката, не се проверува од страна на УЈП, поради неможноста за системска проверка, бидејќи исполнетоста на поставениот услов може да се потврди само преку теренски контроли. Притоа, во Извештајот е констатирано дека на ваков начин постои ризик да се додели финансиска поддршка на корисници кои не го исполниле предвидениот услов.

Дополнително, во текот на ревизијата било утврдено дека поголем дел од средствата кои биле одобрени од Буџетот на РСМ за 2020 година, а доделени по основ на исплата на плати и еднократна финансиска помош за вработените, биле доделени без утврдени критериуми за изборот на субјектите корисници, условите за доделување, висината на одобрените финансиски средства и обврска за враќање. Од страна на Државниот завод за ревизија било констатирано дека ваквиот начин на исплати овозможува недоволна транспарентност и можност за субјективизам што доведува до нееднаков третман на корисниците.

Во однос на Одлуките за одобрување на средства од Буџетот на РСМ за 2021 година како еднократна финансиска поддршка, врз основа на јавни повици за доделување на финансиска поддршка на физички и правни лица од одделни дејности, при ревизијата било констатирано дека во Одлуките не е предвиден начин на известување од страна на

правните субјекти за исполнување на условите за користење на финансиската поддршка, односно за потврдување на состојбата на бројот на вработени, како и начинот на вршење на контрола на исполнување на критериумите по искористување на доделените средства на правните субјекти. Притоа, во извештајот е нотиран ризик правните субјекти кои не ги исполниле условите да не ги вратат средствата во Буџетот на РСМ, поради отсуството на воспоставен систем на известување и контрола за доделената финансиска поддршка.

Во делот од извештајот што се однесува на постапките на доделување и реализација на мерките за финансиската поддршка на вработувањето и професиите погодени од здравственоекономската криза, наведено е и дека 17 компании кои донирале опрема, материјални или финансиски средства во периодот на пандемијата од корона со цел справување со пандемијата, истовремено оствариле и финансиска поддршка во износ од 370.388 илјади денари преку мерките на Владата на РСМ. За истото од страна на Државниот завод за ревизија било констатирано дека иако со уредбата и законите кои ја регулираат областа за доделување на финансиската поддршка не е предвиден услов корисникот да не смее да биде донатор, се доведува до прашање вистинската и реалната потреба од доделување на финансиска поддршка на работодавачи кои истовремено биле донатори.

При ревизијата биле утврдени разлики во податоците за број на корисници и одобрени/исплатени средства на корисниците кои се презентираат од различни надлежни институции, што според изнесеното во извештајот се должи на отсуство на сеопфатен, меѓусебно усогласен и интегриран начин на водење на евиденција на одобрената и реализираната финансиска поддршка по мерки. Воедно, укажано е дека сето тоа, но и неусогласениот пристап за информирање по однос на реализацијата на мерките ја намалува транспарентноста и отчетноста на надлежните институции во трошењето на средствата.

Во однос на контролните механизми, мониторинг и проценка на постигнатите резултати, во Извештајот на Државниот завод за ревизија е укажано на ризик голем број на работодавачи да имаат искористено средства за финансиска поддршка без исполнување на предвидените услови во уредбата и законите, којшто произлегува од состојби на ненавремено спроведување на теренски контроли, од начинот на избор на работодавачи за контрола, како и од недоволната кадровска екипираност на институциите. Имено, надлежности за вршење на контрола над исполнетоста на условите за користење на финансиска поддршка и исплата на плата на вработените од страна на работодавачите има УЈП и/или ДИТ. Од вкупно 36.837 работодавачи - корисници на поддршка за периодот април-јуни и октомври-декември 2020 година, со надворешни контроли од УЈП и/или ДИТ биле опфатени вкупно 103 корисници со 1404 вработени од кои најголемиот дел се спроведени како заеднички координирани контроли. Учеството на контролите во однос: на вкупно доделениот износ на финансиска поддршка за горенаведениот период (7.920.291 илјади денари) изнесува 0,53%. Корисниците на финансиска поддршка за периодот февруари-март 2021 година за кои се исплатени средства во вкупен износ од 1.665.917 илјади денари не биле опфатени со надворешна контрола, што создава ризик дел од работодавачите да имаат искористено средства од финансиска поддршка без исполнување на предвидени услови со уредбата и законите.

При извршената ревизија е стекнато разумно уверување дека креирањето на мерките е спроведено во отсуство на стратешко планирање со јасно дефинирани цели и

индикатори за успешност. Отсуството на пишани анализи и проценки при креирање на мерките за поддршка на вработувањето во процесот на одлучување, утврдените слабости и недоречености во уредбите со законска сила и донесените закони во кои се уредени условите, начинот и постапката за доделување влијаат врз ефикасноста на спроведувањето, следењето на реализацијата на мерките и зачувувањето на работните места. Нецелосните податоци за бројот на работодавачи кои ја исполниле/не ја исполниле обврската за враќање на финансиската поддршка во утврдените рокови и износ во Буџетот на РСМ има за ефект помалку вратени средства и остварување помали приходи во Буџетот на РСМ. Воедно, при извршената ревизија е стекнато разумно уверување дека ненавременоста и малиот опфат на спроведени теренски контроли од 0,53% од доделениот износ на финансиска поддршка, начинот на избор на работодавачи за контрола, како и недоволната кадровска екипираност на институциите, создаваат ризик дел од работодавачите да искористиле средства од финансиска поддршка без исполнување на предвидени услови со уредбите и законите.

ДКСК цени дека состојбите констатирани во Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност упатуваат на ризици од корупција и можности за вршење на коруптивни дејствија кои произлегуваат од правната рамка и околностите на креирање на конкретните мерки и политики за поддршка, од начинот на кој биле спроведени постапките на доделување и реализација на мерките за финансиска поддршка и од карактеристиките на контролните механизми, мониторингот и проценката на постигнатите резултати.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување – околностите поврзани со пакетите на мерки на Владата на Република Северна Македонија за справување со кризата предизвикана состојбата на пандемија од Ковид-19, вклучително и околностите поврзани со мерката со која се предвидува доделување финансиска помош на правните субјекти од приватниот сектор во периодот на траењето на вонредната состојба на територијата на Република Северна Македонија се детално опфатени со ревизијата на успешност на Државниот завод за ревизија на тема „Преземени мерки и политики за поддршка на вработувањето и професиите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од Ковид-19", и обелоденети во Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност, издаден во мај 2022 година.

Оттаму, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил:А.Р.М.
Одобрил:Б.И.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk